ВРЕМЕ online

**Време, број 1156, 22.08.2007**

# СРЕДБА ГРУЕВСКИ - МАЈК ЗАФИРОВСКИ
## Македонија има прогрес, но претстои многу работа

Македонија изминатата година постигна одличен прогрес на економски план, но претстои уште многу работа, бидејќи планината што треба да биде искачена е многу голема - изјави бизнисменот со македонско потекло Мајк Зафировски, по средбата со премиерот Никола Груевски. Зафировски изрази воодушевување од резултатите што се постигнати во некои области, како што е зголемување на БДП за 7 отсто, зголемување на извозот за 50 проценти, успех во борбата против корупцијата, воведување трет мобилен оператор. Тој истакна дека тоа е само одличен почеток и дека претстои уште многу работа на неколку полиња, истакнувајќи ги како приоритет реформите во судството. Мајк Зафировски е на чело на тимот „Македонија 2025", која е независна и неполитичка организација и чии цели се да се помогне да се идентификуваат, развијат и промовираат неколку клучни индустрии во Македонија. - Имаме само една желба - Македонија да стане економска сила. Свесни сме дека тоа не може да се постигне преку ноќ, туку се потребни години, па поради тоа го дадов името Македонија 2025 - рече Зафировски. Премиерот Груевски информира дека на средбата со претставниците на „Македонија 2025" ги запознал со активностите што Владата ги преземала во изминатите шест месеци, како и со плановите за иднина. - На средбата разговаравме и за тоа со заеднички сили да се протуркаат неколку проекти што ќе бидат во интерес на државата - рече Груевски. Тој изрази очекување дека членовите на тимот „Македонија 2025" ќе лобираат кај странски инвеститори и бизнисмени да ја посетат Македонија. Членовите на „Македонија 2025" во изминатите четири дена остварија средби со повеќе македонски бизнисмени, при што биле пријатно изненадени од нивните идеи и бизнис-планови. Тие сметаат дека Македонија за странските инвеститори е најинтересна во четири области - производство на автомобилски делови, висока технологија, производство на храна и туризам.